Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| Седмица: 33 Час: 6<br>Датум: | | | Тема 7: Онлајн живеење<br>Наставна единица: Етика на Интернет - комуникација | | | Одделение:<br>IV |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 5 мин. | Да ги познава и почитува основните правила за етичко користење на интернет комуникација | **Сите можат:**<br>да набројат примери за добро однесување | Дискусија за добри манири во однесувањето. Преку бура на идеи учениците наведуваат примери за добри манири. Денеска ќе учиме за добри манири во користењето програми за интернет комуникација. | З<br>метод на разговор | Компјутери<br><br>Учебник | Дискусија |
| 30 мин. | | **Повеќето можат:**<br>да набројат и објаснат примери за етичко однесување при комуницирање по Интернет | Исто како што има правила за добро однесување во секојдневниот живот, има и правила при комуникација по интернет, кои оставаат убав впечаток за вас ако ги почитувате.<br>- Поттикнувам дискусија за добри манири при комуникација по Интернет, со објаснување на неколку правила.<br>- **Секогаш претстави се** (пораката по Интернет започни ја со поздрав и заврши ја со твоето име), **биди јасен и не користи двосмислени изјави** (биди краток и јасен во тоа што го кажуваш), **почитувај туѓи мислења и туѓа приватност,** (почитувај ги туѓите желби, не ги озборувај пријателите и не навлегувај во детали за туѓите животи), **никогаш не пишувај само со големи букви** (тоа значи дека кога би зборувал, тоа што пишуваш, би го кажал со викање).<br>- Учениците се поделени во групи и во учебникот на стр. 103 добиваат по едно правило за кое не е дискутирано. По завршената задача по еден претставник од секоја група го објаснува значењето на правилото. | З<br>вербален метод<br><br>Г<br>документациски метод - пишан извор на информација | | Дискусија<br><br>Набљудување |
| 5 мин. | | **Некои можат:**<br>да објаснат примери за добри манири при комуницирање по Интернет при користење визуелна комуникација | Разговор како треба да се однесуваме при комуникација кога е вклучена веб камера. | И<br>метод на објаснување | | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Преку бура на идеи учениците набројуваат примери за добри манири.<br>Главен дел: Дискусија за добри манири при комуникација по Интернет<br>Завршен дел: Набројување правила за комуницирање по интернет | | | | | | етика, манири, правила. |

obrazovanie.literatura.mk